


# СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА ИТ РЕВИЗИЈА
# IT Audit Specialist

**Локација:** Скопје

**Оддел:** Дирекција за Внатрешна ревизија

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство**
**Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**35 експозитури**

**повеќе од 200.000**
**клиенти во земјата**

**посветеност,кредибилитет**
**и сигурност**

## Што ќе биде твојата улога

- Ќе учествуваш во ревизија на бази на податоци, со примена на аналитички техники за откривање на трендови, обрасци и аномалии
- Ќе користиш SQL и/или Python за извлекување, обработка и анализа на податоци
- Ќе развиваш скрипти и автоматизирани процеси за подобрување на ефикасноста и точноста на ревизорските активности
- Ќе учествуваш во проценка на ризици и преглед на безбедносни контроли, под менторство на Сениор ревизор
- Ќе подготвуваш и презентираш наоди и препораки на јасен и структуриран начин
- Ќе го следиш развојот во областа на анализа на податоци, ревизија и регулатива, и ќе придонесуваш кон унапредување на процесите

## Кои квалификации се потребни

- Високо образование во областа на информатичка технологија, инженерство, анализа на податоци, компјутерски науки или сродна област
- Релевантна професионална сертификација (CISA или слично) ќе се смета за предност
- Познавање на SQL и/или Python за работа со податоци; искуство со алатки за визуелизација (Tableau или Power BI) ќе се смета за предност
- Познавање на ИТ инфраструктура (мрежи, SQL сервери и бази на податоци) и принципи на дигитална сигурност
- Силни аналитички способности, внимание на детали и умешност за решавање проблеми
- Одлични комуникациски вештини и способност за јасно презентирање на сложени податоци
- Способност за ефективна тимска работа и соработка со различни оддели

## Кои ќе бидат твоите придобивки

- Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse
- Приватно здравствено осигурување
- Конкурентна плата и дополнителни надоместоци
- Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух
- Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee's wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивациско писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **06.07.2026 година** со назнака **„** Специјалист за ИТ ревизија**“.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #верувајвоиднината**

Те очекуваме!